

# МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА



## ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

## 1996





МЦМС

# Македонски Центар за Меѓународна Соработка

## Извршен одбор

1. г-дин Мирко Спироски, претседател
2. г-ѓа Нуриje Кадриу
3. г-дин Зоран Костов
4. г-дин Мухамед Точи
5. прота Драги Костадиновски
6. Зејнула ефенди Фазлиу
7. Пречесен Михаил Цеков
8. г-дин Иван Тулевски
9. г-ца Наташа Габер
10. г-ѓа Теута Крашница -Чучкова

## Стручна служба

1. Сашо Клековски - ПРОГРАМ ДИРЕКТОР
2. Павел Роман Пападимитров
   - РАКОВОДИТЕЛ НА ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА РАЗВОЈ НА СЕЛО
3. Луција Поповска
   - РАКОВОДИТЕЛ НА ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА ЦИВИЛНО ОПШТЕСТВО
4. Александар Бужаровски
   - РАКОВОДИТЕЛ НА АДМИНИСТРАТИВНО-ФИНАНСИСКОТО ОДД.
5. Гонце Ципушева - АСИСТЕНТ ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА
6. Љупчо Кочовски - ПРОЕКТ АСИСТЕНТ
7. Димче Митрески - ПРОЕКТ АСИСТЕНТ
8. Бесим Небиу - ПРОЕКТ АСИСТЕНТ
9. Душица Бошковска - ПРОЕКТ АСИСТЕНТ
10. Ацо Кочовски - ПРОЕКТ АСИСТЕНТ
11. Александар Кржаловски - СИСТЕМ ПРОГРАМЕР
12. Тони Гицев - DTP ОРГАНИЗАТОР
13. Валентина Чичева - АДМИНИСТРАТИВЕН СЕКРЕТАР
14. Весна Богдановска - ХИГИЕНИЧАР

Спроведувањето на активностите на МЦМС во текот на 1996 година немаше да биде возможно без поддршката на донаторите:

### Конзорциум за Македонија

*DIA /Dutch Interchurch Aid/*, Холандија
*ICCO*, Холандија
*DCA /DanChurchAid/*, Данска
*DW /Diakonisches Werk/*, Германија
*BCEE /Bureau for Central and Eastern Europe/*, Холандија.
*CDR /Centrale Diakonale Raad/*, Холандија
*CAID /Christian Aid/*, Велика Британија

### Владини и меѓувладини организации

*DGIS* /Генерален директорат за меѓународна соработка на Министерството за надворешни работи на Холандија/
*ECHO* /Хуманитарна канцеларија на Европската унија
Холандска кралска амбасада, Белград
*USIS* /Американски информативен сервис/, Скопје

## Соработници

БАНКИ

ЗПП - Скопје; жиро сметка бр. 40100-678-40440

Алмако банка
Адреса: Васил Главинов бб (мезанин, блок 10), Скопје
Тел. 091/113-200
МЦМС сметка бр. 4878256

Комерцијална банка
Адреса: кеј Димитар Влахов бр. 4, Скопје
Тел. 091/112-077
МЦМС сметка бр. 5733

**Адвокат** Јово Вангеловски
Адреса: 11 Октомври бр. 30/1, Скопје
Тел. 091/162-415 Факс 238-790

**Ревизор** Куперс и Лајбрант, Скопје
Адреса бул. Маркс и Енгелс бр. 3
Тел. 091/116-638, Тел./Факс 091/116-525

# СОДРЖИНА


**ПРОГРАМСКИ АКТИВНОСТИ** ..... 07

Програма за водоснабдување на селата (ПВС) ..... 08
Програма за селските развојни иницијативи (ПСИ) ..... 10
Програма за поттикнување на вработувањето (ППВ) ..... 11
Програма за достоинство на хендикепираните (ПДХ) ..... 12
Програма за јакнење на ромите (ПЈР) ..... 13
Програма за цивилно општество (ПЦО) ..... 16
Програма за информации и публикации ..... 17

**СТРУКТУРА И РАЗВОЈ НА МЦМС** ..... 18

Собрание ..... 19
Извршен одбор ..... 19
Персонал ..... 20
Соработка и координација ..... 20

**ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ** ..... 23

Забелешки на финансискиот извештај ..... 25

**ПРЕГЛЕД НА ПРОЕКТИ** ..... 30

**ИСТОРИСКИ ИНДЕКС НА ПРОЕКТИ** ..... 34



МЦМС е запишан во Регистарот на општествени организации и здруженија на граѓаните во Министерството за внатрешни работи, ГУВР Скопје, под реден број 1668, со решение бр. 10-90/1 од 09.09. 1994 година. МЦМС е општествена организација со социјално-хуманитарни цели, со матичен број 4878256.


## Мисија

Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) е хуманитарна невладина и непрофитна асоцијација што работи во областа на развојот, рехабилитацијата и основната помош во Македонија.

Цел на МЦМС е развој на човековите и материјалните ресурси во Македонија.

За остварување на целите и задачите, МЦМС ги мобилизира и организира човековите ресурси, финансиските и материјалните средства, како во земјата така и во странство.

МЦМС за активностите обезбедува средства од повеќе агенции на Светскиот совет на црквите и од владини и меѓународни организации.

## Цели и задачи

**Стратешки цели на МЦМС се:**

- промоција на мирот
- организирање на граѓанското општество
- помош на оние што имаат потреба

МЦМС ги спроведува активностите низ четири носечки програмски сектори/линии:

- развој на селото
- унапредување на можностите за вработување
- достоинство на хендикепираните и маргинализираните
- развој на цивилното општество

МЦМС активностите ги остварува преку:

- поддршка на проектите
- обука и совети
- информирање
- застапување и лобирање

Програмите се наменети за помош, одржување и обезбедување на нормалните животни услови на корисниците. Со нагласок на помошта на креативниот и продуктивен потенцијал луѓето, програмите покриваат конкретни проекти во согласност со принципот на "самопомош".

## Порака од раководството

Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) е основан во 1993 година во светлината на дестабилизацијата на Македонија произлезена од ефектите на транзицијата во независна држава и од загушувачките ефекти на ООН, ембаргото против СР Југославија и од бојкотот од Грчката влада.

Во 1996 година МЦМС ја одбележа третата година од своето постоење и работа на полето на промоцијата на мирот, на градењето граѓанско општество, како и помош на маргинализираните групи.

Предизвиците со кои се соочивме во 1996 година не беа исти со оние со кои се соочувавме во 1993 година: Балканот сè уште не е мирен, но е делумно стабилизиран, ембаргото и бојкотите се укинати; Македонија ја стабилизира својата надворешнополитичка положба. Но пред нас стојат предизвиците на (не)интеграција на различните етнички групи и продлабочената економска криза.

МЦМС се соочи со тие предизвици во 1996 година, заедно со локалните невладини организации, со верските заедници и други.

МЦМС, како одговор на предизвиците, поддржуваше активности за одржување и обезбедување нормални животни услови. Тоа се правеше преку поддршка на краткорочните потреби на целните групи. МЦМС помогна да се обезбеди вода во 38 села со 24.883 жители, од кои 39,11% се етнички малцинства. Сè повеќе МЦМС се ориентира и кон долгорочните потреби на корисниците: остварени се 120 посети за совети, обучени се 46 селани за управување со водоснабдувањето; обучени се 86 активисти од 16 НВО од кои 55 се жени; поддржана е подготовката на новиот Закон за здруженија на граѓани и фондации.

МЦМС во 1996 година посвети внимание и на сопствениот институционален развој. МЦМС се пресели во нови сопствени простории, за што средствата се обезбедија со заем од DCA, ХМП, ICCO, CAID и Oikos банка.



Мирко Спироски
ПРЕТСЕДАТЕЛ



Сашо Клековски
ПРОГРАМ ДИРЕКТОР

За да се постигнат планираните цели и задачи се вршеше континуирана обука во земјата и странство на сопствениот персонал.

Годишниот извештај, односно Извештајот за работа и Финансискиот извештај се преглед на достигнувањата и развојот на МЦМС.



# ПРОГРАМСКИ АКТИВНОСТИ

МЦМС работи во четири основни програмски сектори со шест програми и тоа:

- **Развој на село**

  Програма за водоснабдување на селата и
  Програма за селски иницијативи

- **Поттикнување на вработувањето**

  Програма за поттикнување на вработувањето


- **Достоинство на хендикепираните и маргинализираните**

  Програма за достоинство на хендикепирани и
  Програма за јакнење на Ромите

- **Развој на цивилното општество**

  Програма за цивилно општество

Секторот информации и публикации дава поддршка на програмските активности.



Вода за пиење добија (или ќе добијат) 24.883 жители во 5.078 семејства (4,92 членови по семејство) во 38 села. Од вкупниот број на корисници 39,11% се припадници на етничките малцинства во нашата земја. МЦМС својата работа ја темели на добрата соработка и на унапредувањето на селските заедници како и на изнаоѓањето патишта за поврзување на локалните ресурси и донаторските финансиски средства.

## Развој на селото

**Генерална цел** на програмскиот сектор е да се придонесе во создавањето на услови за опстанок во селата во Македонија за сите што живеат таму. За остварување на целта се развиени две програми:
Програма за водоснабдување на селата и Програма за селски иницијативи.

## Програма за водоснабдување на селата (ПВС)

**Целите и задачите** на Програмата за водоснабдување на селата се да го стимулира функционирањето и подобрувањето на механизмите на самопомош и да се стимулираат и поддржат селските иницијативи за подобрување на водоснабдувањето со вода за пиење на луѓето и стоката, на наводнувањето и на санитацијата, како и да се придонесе во реализацијата на таквите проекти, заедно со тоа што селаните, локалните претпријатија, локалните и национални власти можат да го обезбедат.

**Целна група** на оваа програма се општините: Прилеп, Демир Хисар, Неготино, Кавадарци, Велес, Чаир, Гази Баба, Кисела Вода, Карпош, Св. Николе, Куманово, Крива Паланка, Штип, Валандово, Струмица, Радовиш, Кочани, Пробиштип, Кратово (општини според старата територијална поделба).
Со идентификацијата се потврдени претходните сознанија и искуства на МЦМС. Од 574 села централен водовод имаат 244 села, а јавни чешми и бунари имаат 297 села, додека 33 села немаат ниту водоводи ниту бунари. Меѓутоа 471 село или 82% од селата имаат постојани или периодични проблеми со водоснабдувањето по ради бактериолошка загаденост на водата и недоволниот капацитет, особено во периодот мај-септември.


**Активностите** на програмата за водоснабдување се: обновување на водоснабдувањето на луѓето (донации) и обука во управувањето во водоснабдувањето (тековна и семинарска).

**Обновување на водоснабдувањето**

Во 1996 година се комплетирани шест проекти започнати претходната година и се поддржани 38 проекти во 38 села. Беа изградени или опремени 13 пумпни станици, 5 каптажи, издупчени 112 м бунари, изградени 1320 м³ резервоарски простор, 52 758 м цевовод, 1000 м катодна заштита и изготвени 2 проекти. Вкупната вредност на поддржаните проекти изнесува 83,2 милиони МКД. Од тоа МЦМС учествуваше со 37,6% средства обезбедени од ECHO, ICCO и Church in action. Останатите средства се обезбедени од селаните, локалните претпријатија и државата.

**Географска припадност на селата во ПВС**

| *Општина* | *Проекти* | *%* | *Села* | *%* |
|---|---|---|---|---|
| Прилеп | 6 | 15,80 | 5 | 13,16 |
| Демир Хисар | 3 | 7,89 | 3 | 7,89 |
| Т. Велес | 2 | 5,26 | 2 | 5,26 |
| Неготино | 2 | 5,26 | 2 | 5,26 |
| Валандово | 2 | 5,26 | 3 | 7,89 |
| Струмица | 3 | 7,89 | 3 | 7,89 |
| Радовиш | 2 | 5,26 | 2 | 5,26 |
| Св. Николе | 2 | 5,26 | 1 | 2,63 |
| Пробиштип | 3 | 7,89 | 3 | 7,89 |
| Кратово | 4 | 10,53 | 4 | 10,53 |
| Кр. Паланка | 1 | 2,63 | 2 | 5,26 |
| Куманово | 2 | 5,26 | 2 | 5,26 |
| Скопје-К.Вода | 4 | 10,53 | 4 | 10,53 |
| Скопје-Г. Баба | 1 | 2,63 | 1 | 2,63 |
| Скопје-Карпош | 1 | 2,63 | 1 | 2,63 |
| **ВКУПНО** | **38** | **100** | **38** | **100** |





## Обука

МЦМС во текот на 1996 год. спроведување и обука. Тековната обука се спроведуваше преку посета на селата во периодот на идентификација на проектите. Таа се однесуваше на: организационата структура за изградба и одржување на водоводите (основање одбори, мотивација и партиципација на жителите); техничка изведба на водоводите, извори за финансирање и начин на финасирање; начин на одржување на водоводите и финасирање на одржувањето. Остварени се преку 120 посети за совети и обука на селаните. Организирани се и курсеви за водоснабдување, кои имаа за цел да оспособат за одржување на водоводите по двајца претставници на селата-корисници на оваа програма.
Во 1996 година 46 слушатели од 32 села учествуваа на двата курса што се спроведоа во мај и јуни.

### с. Канатларци



Селото Канатларци се наоѓа во јужниот дел на Прилеп. Во него постојано живеат 240 домаќинства или 1100 жители. Од нив 91% се етнички Турци, а 9% етнички Македонци. Во периодот од 1950 до 1980 година во Турција имигрирале преку 200 домаќинства. Извор на егзистенција за жителите на ова село е исклучиво земјоделието и тоа најчесто тутунот, житото и лубениците. Најголем дел од семејствата работат на изнајмена земја. Производството е на границата на исплатливост.

Првите контакти со селото МЦМС ги направи во 1994 година. Во почетокот во селото не постоеше иницијатива за подобрување на водоснабдувањето. Причина за тоа е големата маргинализираност, како и фактот дека луѓето излезот од ситуацијата го гледале во емигрирањето и секако бројните празни ветувања што ги добивале во текот на изминатите 50 години. Во почетокот на 1995 година МЦМС успешно работеше и во други малцински села, меѓу кои и соседните села Десово и Црнилиште. Ова беше многу важно за воспоставување на довербата. Во селото луѓето со вода се снабдуваа од неколку чешми што комплетно пресушуваа во летниот период. Со изградбата на меѓусебна доверба е формиран Комитет за водоснабдување кој ги започна активностите за изградба на централен водовод со кој во селото ќе се донесе вода од околу 2 км оддалеченост. Селаните учествуваа со 53,70% од вкупната вреднст на проектот со работна рака и парични средства. Водоводот се изгради за 10 месеци и беше пуштен во употреба во месец август. Сите домаќинства поставија водомери и плаќаат за употребата на водата.



На денот на пуштањето на водоводот во употреба во с. Едрениково жителите организираа свеченост. Велат дека е тоа многу малку во однос на она што го добиле тие со водоводот. Најблиската чешма (кога во летниот период ќе пресуши селската) е на околу 5 км.

"Водата е најважна", вели Герасим Киров од Едрениково. "Кога ќе ја има, нема да се расправам со жена ми и Таа вели: "Донеси вода да ти ја испе - рам кошулата. Водата е потребна за сè. Во минатите години тука имаше и случаи на разводи поради водата". Водата ќе ги подобри условите за живот и некои од иселените семејства ќе се вратат во селото. "Прво да тргнам од себе", вели Бранко Јанев. "Моите два сина се иселија. Кога почна да се гради водоводот, едниот почна да доаѓа и да помага во изградбата. Тој ќе се врати во селото, решил тука да живее зошто условите сега се многу подобри."

**Обновливи фондови за развојни иницијативи**


МЦМС одобри три пилот-заеми во вредност од 3.718.000 МКД со кои се отворени 11 работни места. Заемите се одобрени за рибник, млекарница и пчеларство. МЦМС уште е во пилот-фаза на обновливите фондови пред сè поради потребата од тестирање на методологијата, вклучувајќи и солидарни групи. МЦМС обезбеди и техничка помош на дел од проектите. Двајца експерти на ПУМ дадоа техничка помош во два проекти на МЦМС.

## Програма за селските развојни иницијативи (ПСИ)

Цел на Програмата за селски иницијативи е да се поддржат демократските процеси и меѓуетничката комуникација преку поддршка и развој на економските можности во етнички мешаните подрачја. **Целна група** на Програмата се селата во западниот дел од земјата ситуирани во западниот планински масив, кој се протега во општините Гостивар, Кичево, Македонски Брод, Велес, Прилеп, Крушево и Струга. **Активностите** на Програмата се спроведуваат преку поддршка на малите развојни иницијативи преку обновливи фондови (заеми) и градење на селски развојни организации.

### Рибник во с. Горна Ѓоновица

Селото Горна Ѓоновица се наоѓа јужно од Гостивар, покрај стариот пат Гостивар-Кичево. Тоа е едно од најнеразвиените подрачја во регионот, а воедно и најненаселено. Постоечката миграција село-град се зголеми уште повеќе откако патот Гостивар-Кичево стана "стар", односно откако го направија новиот пат, со што регионот стана вистинско "слепо црево". Неискористеноста на природните капацитети, незагаденоста на просторот и невработеноста се трите работи што во регионот јужно од Гостивар ги има во изобилство. Една иницијатива, која беше поттикната од тој крај, ги обединуваше сите овие фактори со започнувањето на производствен процес без нарушување на природните законитости.
Иницијативата беше на Славе Анѓелковски од Гостивар. Славе е економист по професија. Скоро целиот работен век ги поминал на чело или во раководниот кадар на одделни претпријатија. На почетокот на трансформацијата во Македонија, едноставно, не можел да се вклопи во новиот начин на работење. Затоа решил да започне сам.
Славе изградил рибник во 1995 година. Но рибникот бил доведен на границата на исплатливост поради високите трошоци на рибниот подмладок. МЦМС одобри заем за изградба на мрестилиште. Сега рибникот е рентабилен. Во него работа најдоа, покрај сопственикот и неговиот син, еден ветеринарен техничар и еден работник од соседното село.



## Програма за поттикнување на вработувањето (ППВ)

**Генерална цел** на Програмата за поттикнување на вработувањето (ППВ) е поддршка на малите иницијативи (урбани и периурбани) што се грижат за потребите од работа на најчувствителните групи работници, кои се **целна група** на Програмата: жените, хендикепираните и другите социо-економ-ски маргинализирани групи.

Со Програмата за поттикнување на вработувањето се предвидени **активностите**: обновливи фондови, обука и алтернативна трговија. Последните две активности се одложени.

Започнати се четири нови проекти. Доделени се кредити во вкупна вредност од 4.930.000 МКД со кои ќе се отворат 14 нови работни места, претежно за жени.



Во рамките на Програмата беше поддржан проектот "Погон за производство на пластична амбалажа". На фотографијата е прикажан дел од транспортот на опремата за овој погон. Погонот е во сопственост на Стојче Илиевски, кој се занимава со производство на пластична амбалажа од 1991 година. Новата опрема ќе овозможи зголемување на асортиманот и на количеството на производи. Во погонот се вработени три лица, од кои две се жени.

### Погон за производство на сладолед

Во рамките на Програмата за поттикнување на вработувањето во текот на 1996 година МЦМС го одобри проектот "Погон за производство на сладолед". Со проектот се дава поддршка на претпријатието "Глазер" од Радовиш во вид на заем за набавка на опрема за производство и дистрибуција на сладолед.

Производството на сладолед е традиција во семејството на сопственикот на "Глазер". Се произведува веќе 50 години наназад. Сопственикот на претпријатието Ристе Колев занаетот го учел од неговиот татко. Впрочем цел живот го работел истото, но во многу мал обем за да може да го нарече мал бизнис.

МЦМС ја поддржа иницијативата за доопремување на претпријатието за да се зголеми капацитетот и количеството на производството за да се вработат најмалку 3 жени. Заемот во висина од 50.000 ДЕМ и има рок на враќање 18 месеци. Производството на големо "Глазер" го започна во текот на мај, кога ја доби дозволата за производство и дистрибуција на сладолед. Претпријатието произведува 22 вида на сладолед во пакувања од 700 и 1000 мл. Неколкумесечното искуство покажа дека за производот постои пазар и заинтересирани купувачи од повеќе градови во источниот дел на Македонија. Во текот на 1996 година во Македонија се донесени законски норми според кои сладоледите од странство подлежат на дополнителни давачки. Ова, секако, им оди во прилог на домашните производители. Ако се има предвид дека нив ги нема многу, на претпријатието "Глазер" може да му се предвиди светла иднина. Тоа можеби ќе им овозможи на сопствениците да го остварат својот сон - да направат поголем погон за сладолед во кој вработување ќе најдат поголем број лица.



## Програма за достоинство на хендикепираните (ПДХ)


**Генерална цел** на Програмата за достоинство на хендикепираните е да имсе помогне на хендикепираните лица во обезбедувањето нормална и достоинствена егзистенција, како и во нивната интеграција во општеството. **Целна група** се хендикепираните лица во земјата. Таа ги опфаќа хендикепираните лица во социјалните установи, во специјалните училишта, во заштитните работилници и оние надвор од нив. МЦМС се фокусира на слепите, глувонемите, ментално ретардираните, физички хендикепираните лица и на децата без родителска грижа. МЦМС во 1993-1994 година ги помагаше и пензионерите, но тие сега не се во фокусот на Програмата.

МЦМС спроведе иднтификација на сите социјални установи и специјализирани училишта. Од информациите што се добиени е организирана база на податоци.

**Активностите** на Програмата за достоинство на хендикепираните се насочени кон: социјалните установи, образованието, вработувањето и јакнењето на невладините организации на хендикепираните.

Дел од состаноците со штитениците на социјалните институции „Ранка Милановиќ" и „25 Мај", каде што се спроведуваше проектот „Нов родител", се изведуваа во природа. Нивните искази покажуваат дека е тоа еден од најинтересните делови од дружењето со тимот на Центарот за хумани релации. Еден непотпишан штитеник вели:

— Некои деца порано на моменти се "отпуштаа", ме нервираа и се чувствував незадоволен, но по овие состаноци верувам дека секој ќе го смени своето однесување и ќе се коригира во дадени моменти.



### Проект "Нов родител"

Во рамките на Програмата за достоинство на хендикепираните во октомври 1996 година започна да се реализира проектот "Нов родител". Во реализацијата на Проектот беа вклучени 11 стручни лица од Центарот за хумани релации, а целна група на проектот беа штитениците и дел од персоналот на социјалните установи за згрижување на воспитно запуштените деца и на децата без родители "Ранка Милановиќ" и "25 Мај". Со проектот се изврши обука за спроведување современа методологија и техники за ресоцијализација на штитениците во двете институции; обука на персоналот за работа со новата методологија и техники; работа на персоналот со штитениците со користење на новата методологија и техники а под супервизија на ЦХР; обезбедување комплет тестови што се применливи долгорочно, на кој било штитеник по истекот на Проектот.

Извештаите од Проектот досега покажуваат дека е персоналот веќе вклучен во самата работа, а примената на Проектот не наидува на потешкотии во установите, ниту на влијание што би можело да се оцени како неповолно. Дел од новите методи во наредната учебна година ќе ги спроведува обучениот персонал.

## Програма за јакнење на ромите (ПЈР)

**Генерална цел** на Програмата е придонес во јакнењето на Ромите во Македонија. Особено се обрнува внимание на ромските НВО, бидејќи, долгорочно, самоорганизирањето на Ромите е клучно за нивната еманципација. **Целна група** на програмата се Ромите во периферните градски населби.

Во 1996 година Програмата ги опфаќа Ромите од западниот, северниот и источниот дел од земјата, и тоа во Скопје, Куманово, Крива Паланка, Виница, Свети Николе, Гостивар, Тетово, Кичево и Дебар, каде што живеат приближно околу 75% од Ромите во земјата. Вкупно 4000 ученици се директни корисници на Програмата за јакнење на Ромите.

**Активностите** на Програмата за јакнење на Ромите се однесуваат на институционалниот развој; образование; вработување и ургентни потреби.

Активностите за вработување поради недоволните финансиски капацитети се одложени за 1997 година.



### Образование

Во честите контакти и партнерските ромски организации потенцираат дека образованието на ромската популација е една од ургентните потреби. Во текот на 1996 година МЦМС обезбеди помош во вид на училиштен материјал за 2500 Ромчиња од Македонија.

### Институционален развој

Во 1996 МЦМС даде поддршка на ромските организации "Хомос" и "Рома" во вид на компјутерска опрема. Во оваа година е завршен и проектот "НВО и центар за обука на Ромите". Бараката во новата општина Шуто Оризари е една од поновите, и да не речеме поубавите градби во населбата (Во Шуто Оризари можат да се најдат и хангари што САД ги испратиле како помош по земјотресот во 1963 година). Бараката и вечерното училиште "АС Макаренко" (во чија реконструкција во 1995 г. учествуваше МЦМС) прават еден убав комплекс што има улога на едукативен центар. Дел од неа ќе се користи за обука за квалификации за работа и за курсеви за здравствено образование и за планирање на семејството. Центарот беше завршен во ноември 1996 година.



Фотографијата веродостојно прикажува еден дел од Тетово каде што најголем дел од населението се Роми. Условите за живот се многу лоши, не само во оваа туку и во ромските населби во другите градови на Македонија. Карактеристики на овие населби се: непостоење на основна инфраструктура, пренаселеност, необразованост и невработеност со стапка и до 80%.

## Семинар: Ромите во Македонија

Во ноември 1996 година МЦМС го поддржа семинарот на тема: „Ромите и нивните социјално-економски, културни и образовни карактеристики во Република Македонија". Семинарот се одржа во с. Леуново од 1 до 3 ноември.

Организатор на Семинарот беше Хуманитарното и добротворно здружение на Ромите „Месечина" од Гостивар. Беа поканети сите ромски организации од Македонија и Ромите од градовите каде што не постојат ромски организации. Ова беше прв семинар организиран од Роми, на кој учествуваа Роми со предавачи Роми. Темите за кои се разговараше ги опфатија културните и јазичните обележја на Ромите во Република Македонија, образованието, еманципацијата на Ромите и ромските жени, социо-економските проблеми и вработеноста, супстандардните живеалишта и современата миграција (азилантство) како проблем кај Ромите.

Семинарот беше добра можност да се добијат информации за тоа како живеат Ромите во другите делови на Македонија. Организаторот "Месечина" за таа цел подготви прашалници врз чија основа на крајот на Семинарот се извлекоа заклучоци по одредени прашања.

Во однос на јазикот, во западниот дел на Македонија Ромите зборуваат на македонски или на албански јазик, а во источниот дел на ромски, турски и македонски. Потенциран е проблемот со образованието на Ромите. Според дадените одговори 5160 ученици го посетуваат основното образование, а сре-дното го продолжуваат само 252 од нив. Бројот на Ромите што се запишуваат на вишите и високите школи во државата е многу мал. И бројката на оние кои посетуваат основно училиште не е реална поради појавата на прекинување на школувањето. Основната причина за ова е сиромаштијата, бидејќи семејството не може да издржи да школува два-тројца ученици.

Особено внимание му беше посветено и на проблемот на вработувањето на жената и на еманципацијата на Ромите воопшто.

## Програма за цивилно општество (ПЦО)

**Цели** на Програмата за цивилно општество се: понатамошно организирање на цивилното општество во Република Македонија; мобилизација и јакнење на постојните организации со поддршка за проширување на нивните активности по обем и по географска област и подобрување на нивниот оперативен капацитет.

**Целна група** се невладините организации од областа на човековите права и на меѓуетничките односи, жените и женските права, екологијата и здравството. **Активности** на Програмата се: канцеларија за поддршка на НВО, информации, обука, фонд за мали проекти.

Во текот на 1996 година се обучени 86 активисти од 16 НВО, од кои 55 се жени; поддржани се 21 мал проект на НВО во вредност од 1,4 милиони МКД; издаден е Адресарот на НВО во Македонија и првите броеви на НВО билтенот. Создаден е Документационен центар. Освен тоа организирани се: подготовка на Законот за здруженија на граѓаните и е одржана јавна трибина; едукација на гласачите; здравствена едукација за над 300 жени етнички Албанки; поддржана е конференцијата на верските заедници на тема "Религијата во потрага по мирот"; продолжена е поддршката на СОС телефонот.

## Обука Управување со проекти

Во текот на своето работење МЦМС согледа дека оспособеноста на НВО е на многу ниско ниво. МЦМС спроведе студија за потребите за обука, која покажа, меѓу другото, дека постои потреба за организирање курсеви од областа на управувањето со проекти.

Курсевите за управување со проекти се спроведоа во периодот октомври-декември 1996 година. Со нив беа опфатени 12 НВО и 24 нивни претставници. Учесниците беа поделени во две групи. Првата група ја сочинуваа хуманитарни организации, а втората женски организации.

Покрај предавањата, учесниците на курсот имаа можност на конкретни примери и практично да го применат она што го научиле во текот на трите дена, колку што траеше курсот. Ова беше и можност за приближување на некои од организациите (најчесто женските), особено преку изготвувањето на проектите и завршните извештаи (практичниот дел), кога во малите групи имаше претставнички на големите "чадор" организации. И самите учесници на крајот од курсевите се согласија дека заедничката работа била полезна во повеќе насоки.



Секој од учесниците на курсот за управување со проекти тргнал со некакви очекувања. Речиси сите го завршија курсот со различни впечатоци во однос на очекувањата. Како најкарактеристична ја издвојуваме изјавата на Томка Дилевска (СОЖМ): "Кога доаѓав на семинарот си мислев - што ли ќе добијам од овој семинар бидејќи не сум толку млада. Кога го видов овој млад тим, си помислив што ли ќе ми кажат тие што јас веќе не го знам? Се случи сосема обратното, беше прекрасен семинар и јас дознав многу нови работи".

## Здравствена едукација

На иницијатива на Сојузот на албанската жена на Македонија, МЦМС го поддржа проектот "Здравствена едукација на руралната жена". Проектот се спроведуваше во 10 села од околината на Скопје и Тетово. Едукацијата опфати предавања и дистрибуција на информативни материјали на здравствени теми.

Предавањата беа доста посетени. Тоа ни го потврди при една посета и д-р Флора Љатифи, директно вклучена (како предавач) во овој проект. Но тоа не е основниот показател за тоа каков е интересот за предавањата. "Оние што биле присутни на предавањата", вели д-р Љатифи, "секогаш се трудат да го пренесат предавањето на оние што не биле тука. Тоа најчесто го прават на телефон или при средбите што ги имаат во текот на наредните денови. Се случува дури и малите брошури што им ги даваме по предавањето да ги читаат на телефон". Повеќето од посетителките сметаат дека предавањата се добри зошто е тоа единственото место каде што може да се научи нешто на таа тема.



Здравствена едукација на руралната жена - с. Батинци


## Програма за информации и публикации

**Генералната цел** на Програмата за информации и публикации е да овозможи регуларен тек на информациите за ситуацијата, условите, предизвиците, религиозните и невладините програми и за потребите на Македонија во странство и земјата и да се создадат поволни услови за мобилизација на ресурсите.

**Целна група** на програмата се: НВО, локалните, селските и други заедници, меѓународните НВО, владините институции и медиуми, Светскиот совет на црквите и агенциите.

Целта на Програмата се остварува преку издавање и дистрибуција на МЦМС билтенот во кој се дава преглед на активностите на МЦМС помеѓу два броја. МЦМС издава и Прилог за информациите од Македонија и Балканот, кој содржи информации за окружувањето во кое се спроведуваат активностите. Во текот на 1996 година МЦМС издаде три броја на Билтенот и пилот-број и два специјални прилога од кои едниот се однесуваше на петте години од независноста на Македонија, а другиот на Конференцијата на верски заедници на која МЦМС ѝ даде финансиска и логистичка поддршка.

МЦМС подготви и дистрибуира и летоци што содржат кратки информации за програмите. Во 1996 година беше издаден и Годишниот извештај за 1995 година, кој содржеше сеопфатен приказ за активностите на МЦМС во текот на целата година.



# СТРУКТУРА И РАЗВОЈ НА МЦМС

## Собрание

**Колективно членство**

На две организации, „Класје на добрината" и „Мајка Тереза", и формално им престана членството во МЦМС. На „Форумот за човекови права", кој престана да постои како организација, му е прекинато членството во МЦМС. Нов колективен член стана Хуманитарната организација „Ел Хилал".

### Членови на собранието

**а) Колективни членки на МЦМС**

| | |
|---|---|
| 1. Хуманитарна организација „Хомос" | (Хомос) |
| 2. Хуманитарно и добротворно здружение на Ромите „Месечина" | (Месечина) |
| 3. Хуманитарна организација „Ел Хилал" | (Ел Хилал) |
| 4. Хелсиншки комитет за човекови права | (ХКЧП) |
| 5. Движење на екологистите на Македонија | (ДЕМ) |
| 6. Младински совет на Македонија | (МСМ) |
| 7. Сојуз на студентите при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" | (ССУКМ) |
| 8. Организација на жените на Македонија | (ОЖМ) |
| 9. Сојуз на организациите на жените во РМ | (СОЖМ) |
| 10. Сојуз на албанската жена во Македонија | (САЖМ) |
| 11. Сојуз на пензионерите на Македонија | (СПМ) |

**б) Членови на Собранието**

| | |
|---|---|
| 1. г-дин Мирко Спироски | Претседател |
| 2. г-ѓа Нурије Кадриу | (САЖМ) |
| 3. г-ѓа Муќерем Руси | (САЖМ) |
| 4. г-дин Зоран Костов | (МСМ) |
| 5. г-ца Анета Андонова | (МСМ) |
| 6. г-дин Точи Мухамед | (Месечина) |
| 7. г-дин Арифи Сељам | (Месечина) |
| 8. г-дин Рамадан Сејфулов | (Хомос) |
| 9. г-дин Ќани Рамадан | (Хомос) |
| 10. г-дин Абдурауф Пруси | (Ел Хилал) |
| 11. г-дин Бехицудин Шехапи | (Ел Хилал) |
| 12. г-дин Андон Марковски | (СПМ) |
| 13. г-дин Вите Исјановски | (СПМ) |
| 14. г-ца Биљана Стевановска | (ДЕМ) |
| 15. г-дин Свето Стефановски | (ДЕМ) |
| 16. г-ѓа Васка Калинска | (СОЖМ) |
| 17. г-ѓа Савка Тодоровска | (СОЖМ) |
| 18. г-ѓа Јорданка Куситасевска | (ОЖМ) |
| 19. г-ѓа Надежда Герасимова | (ОЖМ) |
| 20. г-дин Мето Јовановски | (ХКЧП) |
| 21. г-ѓа Хатице Исљами | (ХКЧП) |
| 22. г-дин Митко Кржовски | (ССУКМ) |
| 23. г-дин Сашо Стрезоски | (ССУКМ) |

### Извршен одбор

1. г-дин Мирко Спироски, претседател
   доктор на медицински науки, професор на Медицинскиот факултет
2. г-ѓа Нурије Кадриу (САЖМ)
   наставник, претседател на огранокот на Сојузот на албанската жена на Македонија во Скопје
3. г-дин Зоран Костов (МСМ)
   новинар и главен и одговорен уредник на весникот „Студентски збор"
4. г-дин Мухамед Точи (Месечина)
   невработен, член во претседателството на ХДЗР „Месечина"
5. прота Драги Костадиновски (МПЦ)
   старешина на Соборната црква „Св. Климент Охридски"-Скопје и генерален секретар на „Милосрдие", агенција на Македонската православна црква
6. Зејнула ефенди Фазлиу (ИВЗ)
   референт во Мешихатот на Исламската верска заедница
7. пречесен Михаил Цеков (ЕМЦ)
   свештеник на Евангелско методистичката црква во Струмица
8. г-дин Иван Тулевски
   невропсихијатар, шеф на Центарот за превентива и лекување на болестите на зависности
9. г-ца Наташа Габер
   доктор на политички науки, истражувач во Универзитетскиот центар за меѓуетнички односи
10. г-ѓа Теута Крашница-Чучкова
    уредник коментатор во Македонското радио, мировен активист

Мандатот на Извршниот одбор е од 1994 до 1998 год.

## Персонал на МЦМС

### Состав и структура

Во 1996 година персоналот на МЦМС се заокружи на 14 вработени и поголем број на работници по договор. Брзиот развој, од само 6 вработени кон крајот на 1994 година бараше и адаптација на внатрешната структура. Донесена е новата организациона шема и извршена е стратификација на персоналот.

Во април Извршниот одбор, на предлог на Програм директорот, ги избра Павел Роман Пападимитров за раководител на Одделението за развој на селото, Александар Бужаровски за раководител на Административно-финансиското одделение, Луција Поповска за раководител на Одделението за цивилно општество.

На персоналот на МЦМС во мај му се придружи и Гонце Ципушева, асистент за односи со јавноста.

Во 1996 година значително внимание е посветено на стручното оспособување на персоналот. Стручното оспособување опфати поширок спектар од тековната обука за системите и процедурите на МЦМС до обука за развој во Sally Oak College итн.



Стручна служба на МЦМС



## Соработка и координација

МЦМС разви продлабочена соработка со локалните НВО, со владините организации, членки на Конзорциумот, и со други странски НВО и со владини и меѓувладини организации.

Зголемениот капацитет на МЦМС најмногу се рефлектираше во повеќекратно зголемената соработка со локалните НВО.

МЦМС ги продолжи своите добри односи со Министерството за труд и социјална политика и со Министерството за урбанизам, а се воспоставени и односи со Министерството за развој.

Павел Роман Пападимитров е роден 1965 година во Згоржелец, Полска. По професија е економист. Во МЦМС е од самиот почеток на 1994 година, прво како проект асистент на Програмата за водоснабдување, а во 1995 година како проект координатор во истата програма.

Луција Поповска, е родена 1969 година во Скопје. По професија е математичар. Во МЦМС доаѓа од Младинскиот совет на Македонија во 1995 година на позицијата програм координатор на Програмата за развој на цивилното општество.

Александар Бужаровски е роден 1965 година во Скопје. По професија е економист-сметководител. Во МЦМС доаѓа во 1995 година на местото сметководител.

Гонце Ципушева е родена 1969 година во Радовиш. По професија е политиколог. Во МЦМС доаѓа во 1996 година од локалната телевизија во Радовиш.



Претседателот на Република Македонија г-дин Киро Глигоров со г-дин Мирко Спироски, претседател на МЦМС; Karel Rigters, Europe Desk, Jorgen Thomsen, DCA и Gert Jan van Apeldoorn, Europe Desk



Сесија на Конзорциумот, Охрид, ноември 1996

Во ноември претставници на МЦМС и на Конзорциумот за Македонија беа примени од г-дин Киро Глигоров, претседател на Републиката. На средбата е потврдено значењето на невладините организации и на односите со власта во изградбата на граѓанското општество. Конзорциумот одржа две средби: Меѓусредба на Конзорциумот и II редовна средба.

Меѓусредбата на Конзорциумот се одржа во мај во Копенхаген, Данска, со учество на претставници од DCA, DIA, Europe Desk и МЦМС.
II редовна средба се одржа во ноември во Охрид, Македонија, со учество на претставници од DCA, DIA, Europe Desk (кој ги претставува ICCO и DIA) и МЦМС, како и на гостин од Холандската амбасада во Белград.
На втората редовна средба е избран нов претседавач, Карл Рихтерс од "Europe Desk", Холандија, кој го замени првиот претседавач, Жак Вилемсе од DIA, Холандија.

Значително е да се одбележи дека на Конзорциумот се придружи и Бирото за Централна и Источна Европа (BCEE), кое ги застапува „Каритас"- Холандија и „Биланс".

## Ново седиште



Во јануари МЦМС се пресели во новото седиште на адреса „Никола Парапунов" бб, барака бр. 1.

Со новото седиште се обезбедени оптимални услови за понатамошен развој на МЦМС. Купувањето на седиштето беше овозможено со заем обезбеден од DCA, DIA, ICCO, CAID и Оикос банка.

МЦМС свечено го отвори новото седиште во јуни, во присуство на голем број партнери, корисници и пријатели.

Митрополитот Кирил (лево), г-дин Насер Зибери - министер за труд и социјална политика (средина), г-дин Сулејман Реџепи, претседател на Исламската верска заедница (десно), во новото седиште на МЦМС.

Coopers & Lybrand

P.O. Box 1 Floor 2
e.d.o.o. 1000
1000 Skopje
Republic of Macedonia

## НЕЗАВИСНО РЕВИЗОРСКО МИСЛЕЊЕ

*До Македонски центар за Меѓународна Соработка Хуманитарна Асоцијација - Скопје*

1. Извршивме економско-финансиска ревизија на консолидираниот биланс на состојба на Македонски Центар за Меѓународна Соработка Хуманитарна Асоцијација - Скопје за годината завршена на 31 Декември 1996 и 1995 година и на соодветните извештаи за приходите и расходите и паричниот тек, прикажани на страните од 2 до 13. Одговорноста за овие финансиски извештаи е на раководството на МЦМС. Нашата обврска е да изразиме мислење за овие финансиски извештаи базирано на нашето испитување.

2. Економско-финансиска ревизија ја извршивме во согласност со Меѓународните Сметководствени Стандарди на ревизијата. Овие стандарди бараат ние да ја планираме и извршуваме ревизијата со цел да добиеме доволно сигурност дека финансиските извештаи не содржат материјално значајни грешки. Економско-финансиската ревизија вклучува испитување докази што ги поткрепуваат износите и прилозите во финансиските извештаи, врз основа на тестирање. Економско-финансиската ревизија исто така вклучува оценка на користените сметководствени принципи и значајни проценки направени од раководството, како и проценка на презентацијата на финансиските извештаи. Ние веруваме дека ревизијата обезбедува доволна основа за нашето мислење.

3. *Според наше мислење, финансиските извештаи во сите материјални аспекти реално и објективно ја прикажуваат финансиската состојба на Македонски Центар за Меѓународна Соработка-Хуманитарна Асоцијација - Скопје на ден 31 Декември 1996 и 1995 година, билансот на приходите и расходите и паричниот тек, подготвени во согласност со Меѓународните Сметководствени Стандарди.*

Coopers & Lybrand

Скопје, 22 Април 1997

Coopers & Lybrand is a member firm of Coopers & Lybrand International, a limited liability association incorporated in Switzerland.





## Одговорност за подготовка на финансискиот извештај

Програм директорот е обврзан со актите на МЦМС (член 45 од Правилникот за финансиско работење, дел. бр. 01-54/1-1997 и член 23 од Правилникот за водење сметководство, дел. бр. 01-108/2-1995), да го подготви Финансискиот извештај кој дава објективен и реален преглед на состојбата на работите на МЦМС на крајот на секоја финансиска година.


Тој е исто така одговорен за внатрешната финансиска контрола, за чување на средствата на МЦМС и за превенција и откривање на злоупотребата и други ирегуларности.
Во подготовката на овој финансиски извештај, Програм директорот има осигурено дека е употребувана и постојано применувана соодветна сметководствена политика, дека се следени применливите сметководствени стандарди и дека се направени разумни и паметни судови.

Сашо Клековски
Програм директор

### Извори на поддршка на МЦМС




### Како МЦМС ја употреби поддршката



## Консолидиран биланс на состојбата на ден 31 декември

(износите се во илјада македонски денари - МКД, 1 ДЕМ = 26.61 МКД)

| Опис | Заб. | 1996 | 1995 |
|---|---|---|---|
| **А. СРЕДСТВА** | | | |
| Постојани средства | | | |
| Основни средства | 2 | 23,023 | 6,897 |
| Обновливи фондови | 3 | 24,127 | 8,740 |
| Вкупно | | 47,150 | 15,637 |
| Обртни средства | | | |
| Залихи | | 0 | 278 |
| Аванси | | 1,616 | 3,274 |
| Побарувања од купувачите | | 1,915 | 0 |
| Кратк. финан. побарувања | | 7,642 | 17,976 |
| Парични средства | | 986 | 3,515 |
| Вкупно | | 12,159 | 25,043 |
| Активни временски разграничувања | | | |
| Однапред платени обврски | | 2,212 | 0 |
| Вкупно | | 2,212 | 0 |
| **Вкупно Средства** | | **61,521** | **40,680** |
| **Б. БАРАЊА** | | | |
| Краткорочни обврски | | | |
| Добавувачи | | 2,091 | 2,121 |
| Други краткорочни обврски | | 873 | 51 |
| Вкупно | | 2,964 | 2,172 |
| Долгорочни финансиски обврски | | 10,728 | 0 |
| Пасивни временски разграничувања | | | |
| Однапред наплатени прих. за 1997 | | 3,988 | 0 |
| Фондови и резерви | 4 | 43,841 | 38,508 |
| **Вкупно Барања** | | **61,521** | **40,680** |

## Консолидиран биланс на приходите и расходите за годината завршена на 31 декември

(износите се во илјада македонски денари - МКД, 1 ДЕМ = 26.61 МКД)

| Опис | Заб. | 1996 | 1995 |
|---|---|---|---|
| **А. ПРИХОДИ** | | | |
| Донации и грантови | | | |
| Конзорциум за Македонија | | | |
| Dutch Interchurch Aid (DIA), Холандија | | 5,005 | 18,207 |
| ICCO, Холандија | | 13,262 | 13,163 |
| DanChurchAid (DCA), Данска | | 1,778 | 3,406 |
| Diakonisches Werk (DW), Германија | | 2,829 | 2,692 |
| Bureau for Central and Eastern Europe , Хол. | | 4,747 | 0 |
| Centrale Diakonale Raad (CDR), Холандија | | 237 | 0 |
| Останати | | 0 | 14,005 |
| Вкупно | | 27,858 | 51,474 |
| Владини и меѓувладини организации | | | |
| DIA/DGIS | | 2,153 | 2,686 |
| DIA/ECHO | | 33,076 | 22,781 |
| Dutch Royal Embassy, Белград | | 270 | 337 |
| United States Information Service (USIS), Скопје | | 973 | 0 |
| Вкупно | | 36,472 | 25,804 |
| Останати | | 153 | 116 |
| Вкупно донации | | 64,483 | 77,396 |
| Камати | | 1,937 | 631 |
| Позитивни курсни разлики | | 1,634 | 56 |
| Вонредни приходи | | 1,232 | 627 |
| Сопствени приходи | | 540 | 0 |
| **Вкупно Приходи** | | **69,826** | **78,710** |
| **Б. РАСХОДИ** | | | |
| Добротворни расходи | | | |
| Развој на село, проекти од 1994 | | 0 | 4,425 |
| Програма за водоснабд. на селата | 5 | 32,575 | 21,832 |
| Програма за селски иницијативи | 6 | 2,469 | 3,267 |
| Програма за промоција на враб. | 7 | 177 | 380 |
| Програма за достоин. на хендикеп. | 8 | 467 | 3,596 |
| Програма за јакнење на Ромите | 9 | 6,413 | 4,696 |
| Програма за цивилно општество | 10 | 5,395 | 6,515 |
| Вкупно | | 47,496 | 44,711 |
| Оперативни расходи | | | |
| Информации и публикации | 11 | 860 | 618 |
| Оперативни расходи | 12 | 16,137 | 9,906 |
| Вкупно | | 16,997 | 10,524 |
| **Вкупно Расходи** | | **64,493** | **55,235** |
| Вишок на приходите над расходите | | 5,333 | 23,475 |

## Консолидиран биланс на изворите и употребата на средства за годината завршена на 31 декември 1996

(износите се во илјада македонски денари - МКД, 1 ДЕМ = 26.61 МКД)

| Опис | 1996 | Фин. план 1996 | Измена на Фин. пл. 96 | 1995 |
|---|---|---|---|---|
| **РЕДОВНИ АКТИВНОСТИ** | (6,527) | (5,916) | (16,093) | 16,466 |
| Донации | 61,827 | 82,049 | 79,529 | 77,396 |
| Конзорциум за Македонија | 25,202 | 42,720 | 41,518 | 51,473 |
| DIA, Холандија | 2,349 | 8,010 | 8,010 | 18,207 |
| ICCO, Холандија | 13,262 | 16,020 | 14,418 | 13,163 |
| WCC/ACT, Швајцарија | 0 | 2,670 | 2,670 | 969 |
| CAID, В. Британија | 0 | 1,335 | 1,335 | 848 |
| DCA, Данска | 1,778 | 1,335 | 1,735 | 3,406 |
| DW, Германија | 2,829 | 5,340 | 5,340 | 2,692 |
| HEKS, Швајцарија | 0 | 8,010 | 8,010 | 12,188 |
| CDR, Холандија | 237 | — | — | — |
| BCEE, Холандија | 4,747 | — | — | — |
| Владини и невладини орган. | 36,472 | 39,329 | 38,011 | 25,804 |
| DIA/DGIS | 2,153 | 4,325 | 4,238 | 2,686 |
| DIA/ECHO | 33,076 | 34,203 | 32,972 | 22,781 |
| Хол. кралска амбасада, Белград | 270 | 801 | 801 | 337 |
| USIS, Скопје | 973 | — | — | — |
| Останати | 153 | 0 | 0 | 118 |
| Добротворни активности | (59,082) | (69,015) | (79,523) | (52,026) |
| Развој на село, проекти од 1994 | (0) | (0) | (0) | (4,425) |
| Програма за водосн. на селата | (32,856) | (36,290) | (34,418) | (21,181) |
| Програма за селски иницијативи | (9,979) | (11,214) | (20,539) | (7,851) |
| Програма за пром. на вработув. | (4,927) | (14,195) | (8,414) | (2,933) |
| Програма за дост. на хендикеп. | (308) | (2,056) | (2,056) | (4,391) |
| Програма за јакнење на Ромите | (6,413) | (3,391) | (7,888) | (5,224) |
| Програма за цивилно општество | (4,599) | (1,869) | (6,208) | (6,021) |
| Оперативни активности | (13,260) | (18,950) | (16,099) | (8,904) |
| Оперативни активности | (12,494) | (17,962) | (15,271) | (8,286) |
| Информации и публикации | (766) | (988) | (828) | (618) |
| Однапред наплатени приходи | 3,988 | 0 | 0 | 0 |
| **ИНВЕСТИЦИОНИ АКТИВНОСТИ** | (18,126) | 4,486 | (15,379) | (2,081) |
| Обновливи фондови | 95 | 4,005 | 0 | 0 |
| Сопствени активности | 181 | 0 | 1,053 | 0 |
| Вонредни активности | 143 | 0 | 0 | 31 |
| Приливи од камати | 245 | 481 | 481 | 631 |
| Набавка на основни средства | (18,104) | 0 | (16,913) | (2,621) |
| Платени камати | (686) | 0 | 0 | (122) |
| **ФИНАНСИСКИ АКТИВНОСТИ** | 20,508 | 0 | 10,680 | (20,190) |
| Однапред платени обврски | (2,212) | 0 | 0 | 0 |
| Долгорочен заем за седиште | 10,728 | 0 | 10,680 | 0 |
| Краткорочни заеми | 10,334 | 0 | 0 | (16,916) |
| Аванси | 1,658 | 0 | 0 | (3,274) |
| Курсни разлики | 1,616 | 0 | 0 | 30 |
| Парични средства на 01 јануари | 3,515 | — | — | 9,290 |
| Нето зголемув. (намалув.) на средства | (2,529) | — | — | (5,775) |
| Парични средства на 31 декември | 986 | — | — | 3,515 |



## Забелешки

### ЗАБ.1: РЕЗИМЕ НА СМЕТКОВОДСТВЕНАТА ПОЛИТИКА

**а) Основа за подготовка**

Финансискиот извештај на МЦМС е подготвен во согласност со законските стандарди во Македонија и со стандардите издадени од Комитетот за меѓународни сметководствени стандарди.

Финансискиот извештај е изготвен во согласност со концептот на набавната цена.

Основите на сметководствената политика се уредени со следниве акти на МЦМС: Правилник за водење на сметководството бр. 01-108/2-1995; Уредба за водење на сметководството бр. 05-110/2-1995; Уредба за начинот и роковите за вршење попис и усогласување на сметководствената со стварната состојба, бр. 05-112/1-1995; Уредба за начинот и постапката за пресметување на амортизацијата и нематеријалните вложувања бр. 05-111/3-1995 и Аналитички контен план на МЦМС бр. 05-71/2-1995.

**б) Консолидација**

Финансискиот извештај се однесува на МЦМС и на Конзорциумот за Македонија. МЦМС не управува со Конзорциумот за Македонија, меѓутоа средствата на Конзорциумот се резервирани за МЦМС.

**в) Основни средства**

Основните средства се ревалоризираат периодично во текот на годината со промена на официјалните коефициенти за ревалоризација, засновани на стапката за порастот на цените на производителите на индустриските производи. Таквите коефициенти се применуваат на набавната или на ревалоризационата вредност и на исправката на вредноста. Ефектот на ревалоризацијата на основните средства се книжи во корист на ревалоризационата резерва.

Амортизацијата се пресметува почнувајќи од наредната година, на ревалоризираната вредност на основните средства утврдена на крајот од претходната година.

Применетиот коефициент за ревалоризација на основните средства, набавени во поранешните години, изнесува 0.00%.

Набавките на основните средства во текот на годината се евидентираат по набавна вредност. Набавната вредност претставува фактурна вредност на набавените основни средства зголемена за сите трошоци настанати до нивното ставање во употреба.

Амортизацијата на основните средства се пресметува по стапки, не пониски од стапките пропишани со закон, кои се одредени така што набавната или ревалоризираната вредност на основните средства да се амотризира во еднакви годишни износи во текот на предвидениот век на употреба на основните средства. Пропишаните стапки на амортизација кои се во примена се:

| | |
|---|---|
| Згради | 4% |
| Мебел и опрема | 11-20% |
| Возила | 16% и 25% |

**г) Фондовско сметководство**

